**20180350594**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

За спроведување на Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација и Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/03), член 10 од Спогодбата за техничките бариери во трговијата и Анекс Б точка 3 и 10 од Спогодбата за примена на санитарните и фитосанитарните мерки кои се интегрален дел од Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација и член 36 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 20.2.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА НА СТАНДАРДИ, ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ И ПОСТАПКИ ЗА ОЦЕНКА НА СООБРАЗНОСТ И САНИТАРНИ И ФИТОСАНИТАРНИ МЕРКИ**

Член 1

Во Уредбата за постапки за нотификација на стандарди, технички прописи и постапки за оценка на сообразност и санитарни и фитосанитарни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05), во членот 4 зборовите “Републичкиот завод за здравствена заштита (во натамошниот текст: РЗЗЗ)” се заменуваат со зборовите „Агенцијата за храна и ветеринарство“.

Член 2

Во членот 7 зборовите „Министерството за животна средина“ се заменуваат со зборовите „Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за информатичко општество и администрација“.

Член 3

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

„Нотификациите од став 1 од овој член, ИСРМ има обврска директно да ги достави до Информативниот центар на Европската организација за стандардизација: Европскиот комитет за стандардизација (ЦЕН), Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (ЦЕНЕЛЕК), Европскиот институт за телекомуникациски стандарди (ЕТСИ), Меѓународната организација за стандардизација и Меѓународната комисија за електротехника (ИСО/ИЕЦ), за што задолжително го информира Министерството за економија“.

Член 4

Во членот 23 зборовите „Дирекцијата за храна при Министерството за здравство, Управата за ветеринарство и Управата за заштита на растенијата“ се заменуваат со зборовите „Агенцијата за храна и ветеринарство и Фитосанитарната управа“.

Член 5

Во членовите 25 став 2, 27 став 1, 28 став 2, 30 ставови 1 и 2 и 34 став 1 зборот "РЗЗЗ" се заменува со зборовите „Агенцијата за храна и ветеринарство".

Член 6

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-8181/1-17
20 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски**, с.р.